**Резиме:** Во овој труд се разгледува прашањето за темата на огледалата во книжевноста за деца и млади. Темата на огледалата потекнува од сферата на фантастиката, и применета во книжевноста за деца, може да предизвика изненадување или страв од непознатото што се појавува зад огледалото. Оваа тема ќе се разгледува во два романи од книжевноста за деца. Меѓутоа, за разлика од Јадранка Владова, Луис Керол во неговото дело преку огледалото претставува еден обратен свет кој функционира според принципот на една шаховска игра. Интересното во романот „Гледалото зад огледалото", што воедно го разликува овој роман од романот „Алиса од другата страна на огледалото" од Луис Керол е поврзаноста на огледалото со друг предмет што во „Алиса..." во светот на огледалото не постои. Во романот на Јадранка Владова тоа се чевличките кои се важен елемент и кои се потребни за преодот од реалниот свет во светот на огледалото. Огледалото и чевличките функционираат заедно и доколку еден од овие елементи недостасува влезот во светот на огледалото нема да може да се реализира. Во ова свое дело Јадранка Владова паралелно со реалните елементи вметнала и фантастични настани. Наспроти фантастичните елементи и хронотопот кој се наоѓа зад огледалото и од каде што “ѕирка” во иднината, Маја егзистира со сосема реално, секојдневно семејство, со реални

професии, има другари, оди на училиште и сл. Луис Керол и Јадранка Владова и покрај тоа што потекнуваат од различни континенти и творат во различно време пишуваат за една иста тема, за постоење на еден паралелен, фантастичен свет – светот на огледалото. Ова е тема карактеристична за фантастиката но внесена и инкорпорирана во еден реален контекст. Претставата за огледалото е во самата природа на фантастичната книжевност која тргнува од претпоставката дека фантастичното не е ништо друго освен реалното прекршено на магичните рамнини на огледалото или во растроената свест, во која работите се согледуваат на нивното двојно постоење. Па така и во делата на овие писатели можеби преку огледалото е претставена тајната, скриена желба на главните јунаци, претставена преку нивниот одраз во огледалото. Претставени се нивните желби, гледишта на светот, сликата за нивната иднина...

**Клучни зборови:** огледала, фантастика, книжевност за деца, Луис Керол, Јадранка Владова.

## 1. ВОВЕД

Литературата за деца е мошне сериозен сегмент, на секоја национална литература во светот. Нејзината подразбирлива, но секако, секундарна дидактичност не ја намалува првичната и несомнената естетска вредност. Литературата за деца има два вида на читатели, односно реципиенти, а тоа се возрасните, а секако и оние за кои е таа наменета, а тоа се децата. Понекогаш, на возрасните, книгите за деца можат многу да им помогнат во разбирањето на детството, на сопственото, веќе неповратно минато, но и за она кое синхронично се случува пред нејзините очи. Првата мотивација за создавање на детската литература, е да ги воведе младите читатели во светот на возрасните, кои знае да биде многу страшен, заканувачки и непривлечен. Најблагородната функција на литературата за деца, е можноста на децата, мошне рано да им се пријде со разбирлива уметност и убавина, со што ќе се насочат нивниот вкус, навиките и вредносните критериуми. Во детската книжевност најчесто, доброто го победува злото. Детската возраст, истовремено е и кревка и чувствителна, таа е неповторливото време во кое возрасните можат да сторат нешто, од позиција на сегашноста и да ја откријат нивната иднина.

## 2. АЛИСА ВО СВЕТОТ НА ОГЛЕДАЛОТО

Во 1865 година, англискиот автор Чарлс Л. Доџсон, познат под името Луис Керол, ја пишува фантастичната авантура “Алиса во светот на огледалото”.[1] Ова дело е напишано за младите ќерки на Луисовиот пријател.[2]

„Алиса во светот на огледалото“ е книга која е исполнета со духовитост и што ги заразува читателите да ја читаат и истражуваат, благодарејќи на вметнатите фантастични елементи. Оваа книга претставува продолжение на “Алиса во земјата на чудата”, која е објавена во 1872 година. Првиот дел, односно претходно споменатиот е попознат во светски рамки, но тоа не значи дека „Алиса во светот на огледалото“ е понеинтересна. Заедничко за двете дела е ониричката фантастика, односно доживувањата за време на сонот. Првата книга се базира на шпил карти, а втората се темели врз шаховски фигури. Во почетокот на книгата се наоѓа илустриран дел за потезите на Алиса во партијата шах, како и црвените наспроти белите шаховски фигури. Иако партијата шах е добро разработена, сепак редоследот и правилата за движењето на шаховските фигури не е запазен. Според тоа, критичарите сметаат дека оваа партија шах во реалноста никако не би можела да се одигра. Во “Алиса во светот на огледалото”, протагонистот, односно Алиса е девојче на седум и пол години. Замисленото дејство се случува на 4 ноември 1860 година. Таа пораснала во богато семејство и добри манири, љубезна е и добро се однесува. Алиса има голема фантазија, имагинација и еден поголем нејзин

---

[1] Луис Керол, Алиса во светот на огледалото, Магор, Скопје, 2009.

[2] Луис Керол како професор по математика на Оксфордскиот универзитет, ни не сонувал дека ќе стане познат автор и тоа дека неговите читатели ќе бидат децата. Тој бил познат како сериозен професор, а неговите ученици го гледале како здодевен учител. Одреден период, размислувал да стане министер, а сепак под непријатната надворешност на Керол, лежи брилијантен и креативен уметник, надарен аматерски фотограф. Како личност бил срамежлив и резервиран околу возрасните, но се сроживувал и на уникатен начин ги сфаќал децата. Кога Керол се зближува со децата Лидл, а најмногу со Алиса, добива инспирација за неговото натамошно творештво. Тој често се состанува со трите девојчиња: Алиса, Лорина и Едит и по нивна желба им раскажува приказни, кои подоцна ги собира во едно дело. Во почетокот, неговите дела биле цел на критичарите кои мислеле дека неговите дела се премногу екстравагантни, апсурдни и иритирачки за децата. Но, и покрај тоа, тие стануваат интересни на публиката и доживуваат светска слава. Во 1881 година, Керол поднесува оставка од својата позиција, професор по математика, со цел во слободното време да пишува. Тој починал во неговиот семеен дом во Гилдфорд, Англија во 1898 година, на 66 годишна возраст.

проблем е да излезе од фантастичниот свет во кој што се наоѓа. Таа истовремено и се чувствува осамено и тоа придонесува до нејзината зголемена фантазија. Дејството започнува да се одвива кога Алиса и нејзината мачка Дина, се наоѓаат на фотелја во големата соба од куќата.

Алиса почнува да раскажува за светот кој би можел да постои од другата страна на огледалото, по што следува заспивањето на Алиса, со што започнуваат нејзините возбудливи фантастични авантури. Таа се огледува и влегува во огледалото. Алиса одеднаш се наоѓа пред каминот и поминува низ огледалото, каде што се случува обратно. И станува јасно дека таму владее законот на обратноста/спротивноста/опозитноста. Другата страна на огледалото ја гледа собата, која е слична со нејзината, но со неколку големи разлики. На каминот, несвесни за присуството на Алиса, се наоѓаат: црвениот крал и црвената кралица, два топа кои се шетаат и неколку бели пешаци. Тие не ја забележуваат, бидејќи се фигури од шах. Ликовите и сцените со кои се соочува таму, се комбинација на нејзините спомени и впечатоците од нејзината имагинација. Таа ги крева фигурите и ги преместува од едно на друго место. Потоа, до неа наоѓа книга која е обратно напишана од каде ја чита песната "Џабервок". Во следниот миг излегува од собата и влегува во градината. Таму се среќава со чудесни цвеќиња кои умеат да разговараат. Потоа наидува на кралицата, чија големина е иста како и на Алиса. Кралицата ја води Алиса до полињата со шах и ѝ дава инструкции како да ја одигра партијата шах и таа да стане кралица. Полињата со шах се претставени како зелено поле, а преминувањето од едно поле на друго е одделено со живописни барикади како на пример поточе. Со секој одигран потег, во дејството на романот започнува нова глава. Алиса низ текот на играта од пешак преминува во кралица. Таа доживува најразлични авантури каде што среќава антропоморфни ликови. Сите ликови кои се споменати во книгата, откако Алиса влегува во огледалото се шаховски фигури.

Во главите од романот се вметнати и детски песнички, а истовремено, Алиса разговара со ликовите од песничките. Во еден момент Алиса се наоѓа во воз, потоа се наоѓа во шумата, разговара со бубачка, која ја раскажува приказната за различни инсекти од светот на огледалото. По учењето на имињата на инсектите, Алиса тргнува и открива дека и таа ги има заборавено имињата на нештата, па дури и нејзиното име. Кога излегува од шумата, сеќавањето ѝ се враќа. Низ патувањето таа среќава карактеристични и познати личности (познати во времето кога е пишувана книгата): Твидлидам и Твидлиди и ривали Еднорогот и Лавот. Алиса, се среќава и со Белата кралица, а во една случка талкајќи низ рафтовите на една продавница, наоѓа јајце, кое се претвора во Хампти Дампти. Тој ја третира грубо, а исто така и цвеќињата, откако тие сфаќаат дека таа е човек. Пред да стане кралица, таа се среќава и со многу анимални ликови, како моржот, сабјарката, остригата и враната, за на крај, да се види себеси со круна на главата. Следниот миг, се наоѓа во друштво на Белата и Црвената кралица и здогледува замок со огромна врата, на која пишува "Кралицата Алиса". Алиса минува низ вратата, каде што пронаоѓа веселба, седнува и започнува да јаде. Потоа, заспива и се буди. Се наоѓа себеси, како ја држи Дина, а истовремено ја здогледува и белата мачка. Размислува дека нејзините мачки се всушност, некои од шаховските фигури. Во романот потезите на ликовите, го отсликуваат карактерот на самиот лик, на пример: расеаноста на Белата кралица.

За самиот автор, игрите на зборови биле вообичаена работа, па така тој го добива својот псевдоним, односно Луис Керол, кога од неговото вистинско име Чарлс Лутвиџ Доџсон, го преведува на латински, повторно на англиски и го менува редоследот. Иако, поминува повеќе од едно столетие откако е напишано ова дело, популарноста помеѓу децата и возрасните ширум светот, не стивнува. Преку делото, Луис Керол сака да ни ја прикаже перспективата на животот, погледната низ очите на Алиса (детето), на кој начин таа патува напред и повторно назад, преку светот на огледалото. Шахот е преставен како метафора за судбината, темите се основни и најчесто универзални. Преку шахот, Керол ја претставува интелегентната сила, која ги контролира потезите, без индивидуалната слободна волја на личноста. Најчесто нараторот се јавува во трето лице, иако повремено се појавува и во прво и во второ лице.

## 3. ГЛЕДАЛОТО ЗАД ОГЛЕДАЛОТО

Понатаму накратко ќе се запознаеме со романот на една наша авторка – Јадранка Владова[3]. Од посебно значење за фантастичната литература како и за литераурата за деца и млади е нејзиниот роман "Гледалото зад огледалото" напишан во 1999 година. Романот на Јадранка Владова е еден од романите во кои е претставен светот на огледалото како еден поинаков свет, свет дијагонално спротивен на реалниот. Во романот Гледалото зад огледалото, Јадранка Владова ја разработила темата за огледалата, карактеристична за фантастиката, но ја

[3] Таа е родена во Скопје на 20 април 1956 година. Јадранка била македонска универзитетска професорка, раскажувач, романсиер, есеист, критичар, книжевен теоретичар, преведувач. Умира на 11 декември 2004 година. Зад себе остава голем број на литературни дела од големо значење за македонската уметност и култура.

инкорпорирала во реален контекст. Радован Вучковиќ, зборувајќи за облиците на фантастичната книжевност, како особина на овој вид литература, паралелно со темата за двојниците ја истакнува и темата за огледалата: „...Претставата за огледалото е во самата природа на фантастичната книжевност која тргнува од претпоставката дека фантастичното не е ништо друго освен реалното (стварното) прекршено на магичните рамнини на огледалото или во растроената свест, во која работите се согледуваат во нивното двојно постоење: реалното и имагинарното. "Гледалото зад огледалото"[4] од Јадранка Владова започнува и завршува сосема реалистично. Доколку, не би биле неколкуте фантастични настани, би можел да се именува како чисто реалистичен роман. Главен лик во овој роман е девојчето Маја кое живее во современо семејство. Таткото работи во фирма за компјутери, мајката работи како професорка по француски јазик. Други ликови во овој роман а кои произлегле од перото на Ј.Владова се ликот на чичко Оливер, Јован, Никола и секако госпоѓа Благородна. Маја многупати се чувствувала осамена поради преголемата зафатеност на своите родители, и така, во едни такви услови, во еден обичен ден, Маја се запознава со сосетката госпоѓа Благородна. Описот на госпоѓата Благородна и на нејзиниот стан се предадени необично, при што уште со самото читање се стекнува впечаток дека станува збор за лице и за стан кои доаѓаат од минатото и кои не можат да се сретнат во сегашноста. Маја се спријателува со госпоѓа Благородна, и со нејзиниот внук Јован од Франција и тоа е причината поради која Маја многу почесто ќе оди во нивниот стан. Токму станот на бабата на Јован е местото каде се случува еден преод од реалното кон иреалното. Таму Маја го доживува своето прво необично искуство пред огледалото: "Кога се исправи нешто како електрична молња светна од огледалото и таа исплашена, само за миг, со делче од окото здогледа сосема инаква слика одразена во него...Се здогледа себеси, но зад неа не беше високиот метален сад од ходникот на Стојанови, туку некој предел сосем непознат.. после оваа случка животот на Маја повеќе не е ист" [5]. Ваквото необично доживување, Маја „толку ја исплаши што ги затвори очите, неврзаниот чевел ѝ се лизна низ прстите и таа исплашена погледна во огледалото, кое сега го одразуваше нејзиниот исплашен израз на лицето, чадорите..."(стр.73-74). Животот продолжува според секојдневните обврски, но животот на Маја не е повеќе ист. Таа повеќе не е осамена, бидејќи: „Откако го сретна Јован, а потоа и Никола, таа почна да чувствува нешто необично. Некоја необјаснива возбуда, некоја топлина ја обземаше кога тие ќе ѝ се загледаа в очи, некоја радост ќе ја пресечеше во градите кога ќе ги здогледаше пред училиштето...Со нив двајцата се чувствуваше безвременска, не размислуваше за годините, секогаш имаше за што да зборува"(стр.93). Вториот натприроден настан повторно се случува ненадејно: „Во ходникот погледот како молња ги фати сребрените чевли под огледалото. Подзастана. Се чудеше... Од каде сега пак никнаа... Јован ги поттурна во шкафот под огледалото! Се колебаше, но десната нога, привлечена како со магнет се мушна во широкиот чевел. Маја ги отвори исплашено очите и во огледалото здогледа долга улица која никако не можеше да биде глетка од ходникот на Стојанови! Со страв го поттурна чевелот и задишано истрча по скалите дома"(стр.111). Маја на никого не ги раскажува своите доживувања пред огледалото, па дури и самата е несигурна во нив. Сака да го сподели тоа свое искуство со другарите Јован и Никола, но „сепак мислеше дека не е доволно сигурна, дека овојпат ќе провери, а потоа сѐ ќе им раскаже... "(стр.132, потцртаното-мое, Ј.Д.).

Од потцртаното се гледа дека несигурноста кај ликот постојано е присутна, особено кога ќе се земе во предвид претходно кажаното, дека Маја можела да сонува и среде бел ден само со едно затворање на очите. Од тие причини, ваквата несигурност е присутна и кај читателот. Како и да е, останува впечатокот за нешто необјаснето, необично кое одненадеж се случува во секојдневието. Тој ненадеен продор на необичното, натприродното во секојдневното и обичното го раѓа фантастичното. „Фантастичната приказна го ситуира чудото во нашиот свет и во нашето време, а не во некаков фиктивен свет и фиктивно време. Таа поврзаност на чудото со опипливата, конкретна реалност, реалност која освен чудото, е насликана автентично, не му дозволува на читателот сето тоа да го прифати како лага..."(стр.15). На стр.132 Маја го доживува своето последно необично искуство пред огледалото: „Кога ги отвори очите таа здогледа осветлена улица во непознат град... Продавниците беа испишани со имиња на француски"(стр.133-134).

Кога подоцна си го анализира виденото во огледалото, Маја сфаќа дека огледалото ѝ покажало нејзина слика заедно со Јован и Никола во непознат град, веројатно во Франција, бидејќи насекаде околу себе го слушала францускиот јазик, а не е за занемарување и фактот што Јован живее кај баба си Благородна во Македонија, но неговите родители се во Франција: „Таа сега веќе беше сигурна дека оној од огледалото, оној што насмевнато ја гушна во некој град во Франција е Јован. Сѐ уште не ѝ беа јасни некои работи... Маја беше сигурна дека патуваше во времето. Беше сигурна дека доживеала чудо со волшебните чевли, бидејќи, да, тие беа волшебни... И огледалото имаше некои моќи... Добро, без чевлите тоа ја покажуваше само обичната слика

[4] Јадранка Владова, Гледалото зад огледалото, Детска радост, Скопје, 1999.
[5] Исто, стр.73

во ходникот на Стојанови... Колку и да беше тоа чудно, Маја беше сигурна дека доживеала чудо“(стр.141). Во контекст на цитатот е кажувањето на Цветан Тодоров: „Огледалото е присутно кога јунаците на приказната треба да го направат решавачкиот чекор кон натприродното...“[6]

Чудото останува докрај необјаснето, што е услов за создавање на фантастичниот ефект, дотолку повеќе што: „Маја веќе никогаш не можеше да го повтори својот експеримент со волшебните чевли, или пак, огледалото беше волшебно? Таа никогаш не дозна кој од нив ја имаше волшебната моќ, бидејќи тие два предмета беа разделени. Можеби нивната волшебност беше заедничка, па разделени ја губеа мо}та?...Понекогаш ѝ беше жал. Но, најчесто беше среќна дека ѕирнала во едно таинство...“(стр.168-169).

Желбата да се нурне во непознатото останува и понатаму: „Маја честопати во ходникот се загледуваше во огледалото, ама тоа секогаш ја покажуваше истата слика: закачалката, металниот сад со чадорите, делче од ламбата горе и делче од плочките долу“(стр.169). Или, според зборовите на Цветан Тодоров: „Обичниот поглед ни го открива обичниот свет, свет без тајни. Посредниот поглед е единствениот пат кон чудесното“.[7]

Но, на последната страница, Маја го дава и податок кој асоцира дека навистина нешто се случило, нешто од кое останала трага. На роденденската прослава „од Јован го доби дебелото сребрено синџирче што нема да го симне никогаш, истото што си го здогледа околу вратот во францускета улица, во огледалото…“(стр.168). За реалното постоење на еден фантастичен свет - во книжевна смисла - не е неопходно во него да веруваат сите јунаци. Меѓутоа, нужно е во него да верува - писателот“.[8] Писателот настојува да го увери читателот во веродостојноста на раскажаното и затоа ја применил постапката кога „нараторот го користи првото лице преку кое е во состојба најдиректно да сведочи дека она што се случило, се случило во непосредната реалност, па читателот се идентификува со раскажувачот и е вовлечен во амбивалентното движење на дејството меѓу крајностите“.[9]

За читателот, останува неизвесно дали се работи за „фантастичен свет кој постои сам за себе или само за халуцинантно доживување во рамките на реалното“.[10]

Ако ја користиме терминологијата на Лорета Георгиева-Јаковлева: „...Настаните се поделени на две фабуларни линии: настани што создаваат илузија на секојдневното живеење и настани кои излегуваат од рамките на вообичаеното и влегуваат во сферата на фантастичното“[11], јасно е дека треба да се пристапи кон анализа на настаните во делото, од причина што: „Бидејќи фантастичната литература бара анализа на фантастичниот свет, тој мора да биде поврзан со фантастичниот настан. Во фантастичната литература за настан ќе го определиме сето она што излегува од рамките на вообичаеното, рационалното, она што е вон рамките на човековото секојдневно искуство... Како настан се доживува секое дејство што ја минува границата на тој познат, вообичаен свет, односно секое дејство со кое се остварува премин преку границата на семантичкото поле на секојдневието“.[12] Настаните од првата група - оние кои го сочинуваат секојдневниот, обичен декор - се однесуваат на секојдневниот живот во семејството на Маја, одењето на училиште, познанството со г-ѓата од приземјето - Благородна, другарувањето на Маја со Јован и Никола, заедничкото одење на концерти, заедно учат да возат велосипеди низ градот, настаните поврзани со врската на чичко Оливер со Катерина што внесува немир кај сите и други. Во втората група настани - оние кои излегуваат од рамките на вообичаеното и влегуваат во еден надреален свет - спаѓаат трите излети или доживувања на Маја додека стои пред огледалото во ходникот на г-ѓа Благородна.

Според ова, и просторот во романот Гледалото зад огледалото може да се подели на реален и иреален. Реалниот простор е оној што ја опкружува Маја во секојдневното живеење, а иреалниот е оној кој таа го создава со мечтаењето преку ден, бидејќи Маја секогаш умеела да замижи, да се загледа во мракот под клепките (...) и тогаш, глува за сите звуци, како низ тунел да го продолжи просторот. ...И никогаш не ѝ било неопходно да ги облече пижамите за да влезе таму... Маја секогаш знаеше како да влезе во соништата и сред бел ден“(стр.13). Проширувањето на просторот со помош на имагинацијата е погодно поле за појава на фантастичниот настан. Или како што вели Роже Кајоа: „Просторот може да биде „стиснат или проширен, запрен, повторен или пресвртен... Просторите поседуваат повеќе (...) димензии, се судираат еден со друг,

---

[6] Cvetan Todorov, Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd, 1987, str.125.
[7] Cvetan Todorov, nav. delo, str.126.
[8] Borislav Pekiħ, Fantastika i pseudo-fantastika „Zlatnog runa“, Srpska fantastika, SANU, Beograd, 1989, str. 627.
[9] Radovan Vučković, Oblici fantastične književnosti, Izraz, br. 7-8, Svjetlost, Sarajevo, 1986, str.7.
[10] Borislav Pekiħ, Fantastika i pseudo-fantastika „Zlatnog runa“, Srpska fantastika, SANU, Beograd, 1989, str. 628
[11]Лорета Георгиевска Јаковлева, Фантастиката и македонскиот роман, Институт за македонска литература, Скопје, 2001, стр.125.
[12]Исто, стр. 126.

одбиени се на некој необјаснив начин или претрпуваат недопустливи празнини. Еден јунак (...) се наоѓа одеднаш во еден паралелен свет: достатно е само едно лизнување, една расеаност, еден поттик на воздухот. Тој ќе може да се врати во својот само користејќи ја одново едната од точките каде што се допираат и влегуваат еден во друг, во непредвидливи интервали, световите - двојници“.[13] Тоа "лизнување" кое го спомнува Кајоа, всушност, е преминот од реалниот во иреалниот простор, кој е остварен со помош на чудесни елементи, со волшебни предмети кои дејствуваат само кога се употребуваат заедно. Огледалото, според Маја, е „најубавото огледало на светот (поточно огледало со најубавата рамка на светот)...“(стр.73), а чевлите биле „многу необични... ...Сребрени, со тенки ремчиња испреплетени над прстите, со тенка штикла и со сребрени ленти...Тие сребрени чевли, неколку броја поголеми од нејзината нога, со некаква магична привлечност ја повикаа... изгледаа како балски чевли“(стр.73).

Лидија Капушевска-Дракулевска (според терминологијата на Бахтин) разликува хронотоп на патот и хронотоп на прагот. „Хронотопот на прагот покажува дека светот е поделен на два дела: видлив и невидлив, познат и непознат, обичен и необичен. ...Границата е најважно типолошко обележје на просторот и таа целокупниот простор на текстот го дела на два потпростори, кои меѓу себе не се сечат, при што првиот простор е реален, конкретен, секојдневен, обичен, безбеден, познат, а вториот - иреален, нестварен, необичен, непознат... “[14] Границата меѓу двата простори е огледалото кое служи како медиум кој еманира слики, визии од иднината на главната хероина и нејзините пријатели. „Треба да се пречекори границата меѓу два дела на просторот за да се стапи во акција, т.е. за да може да се одигра фантастичниот настан“.[15] Во романот Гледалото зад огледалото од Јадранка Владова, од едниот во другиот простор се влегува веднаш, тоа секогаш се случува кога Маја е сама, преминот е привремен, значи постои можност за безбедно враќање во обратна насока/ назад во секојдневниот, познат, стабилен, реален простор и во тоа е поврзаноста со областа на чудесното, бидејќи оваа, типично фантастична тема во фантастиката најчесто завршува со тоа што огледалото носи трагични последици и пораки... Престојот во иреалниот простор трае само онолку колку што сака главната хероина, се враќа назад со соблекувањето на сребрените (чудесни?) чевли. Волшебните чевли на г-ѓа Благородна се главното средство со кое се реализира преодот во иреалното. Нивното потекло докрај останува непознато, а постојат само некои матни алузии: „Госпоѓата Благородна претпоставуваше дека тие чудни, сребрени чевли на кои одвај се присеќаваше дека некогаш ги носела на Пролетниот бал, ги зела ќерка ѝ во Париз”(стр.168-потцртаното-мое, Ј.Д.). Сите потцртани делови во оваа наративна секвенца упатуваат на нејасното, непределено и таинствено потекло на чевлите на г-ѓа Благородна, а тие така и исчезнуваат - со претпоставка. Чевлите се типичен реквизит од сказните, со кој јунакот ги остварува своите цели. Зборувајќи за разните видови чудесно, меѓу кои ги спомнува хиперболичното чудесно, егзотичното чудесно и научно чудесното, Цветан Тодоров го спомнува и инструменталното чудесно, каде се појавуваат разни чудесни направи, кои изгледаат сосема обично, но кои имаат волшебно потекло и кои служат за воспоставување на врска со други светови“.[16]

Трипати ќе се реализира преодот во иреалното, при што првиот пат како резултат на шокот Маја ја губи и свеста. „Она што е заедничко за сите овие ...типови на фантастика, тоа е напнатоста меѓу реалните и иреалните елементи кои го сочинуваат светот на фантастичните ликови, слики и ситуации...“[17]

По првото натприродно искуство таа чувствува страв и ужас, но со секое наредно искуство, стравот сè повеќе се губи и останува вербата и оптимизмот во поубавата иднина. Или, според искажувањето на Лорета Георгиевска - Јаковлева: „По доживувањето на необичниот настан, враќањето е безболно, но веќе не важат истите вредности. Патот во необичното носи и нови сознанија кои полека, но сигурно го деструираат постоечкото“.[18] Во прилог на тоа се и завршните зборови на главната хероина Маја: „Ќе почекам. Сега не сум сама, па не е тешко. ... Сега сакам полека, сосем полека да раснам“(стр.169).

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ

Вакви натприродни настани кои се случуваат пред огледалото, а ги доживува Маја се три. При третиот премин во светот на огледалото Маја се огледува, и се препознава себе со Јован во еден непознат град најверојатно

---

[13] Роже Кајоа, Од бајките до научната фантастика, Разгледи, Скопје, бр.7, 1972, стр. 757.

[14] Лидија Капушевска Дракулевска, Во лавиринтите на фантастиката, Магор, Скопје, 1998, стр.93

[15] Лорета Георгиевска Јаковлева, Фантастиката и македонскиот роман, Институт за македонска литература, Скопје, 2001, стр.129.

[16] Cvetan Todorov, Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd, 1987, str.60-61.

[17] Radovan Vučković, Oblici fantastične književnosti, Izraz, br. 7-8, Svjetlost, Sarajevo, 1986, str.16

[18] Лорета Георгиевска Јаковлева, Фантастиката и македонскиот роман, Институт за македонска литература, Скопје, 2001, стр. 131.

во Франција. Во овој преод во еден друг свет Маја ќе се види себеси измената, порасната, созреана. Огледалото во ходникот на госпоѓа Благородна е всушност границата помеѓу фантастичниот и реалниот свет. Тоа е еден медиум кој еманира слики, визии од иднината на главниот лик во романот и нејзините пријатели. Огледалото овде функционира како една машина за патување низ времето, во овој случај во иднината. Од едниот во другиот простор се влегува веднаш, тоа секогаш се случува кога Маја е сама, преминот е привремен, значи постои можност за враќање во обратна насока/ назад во секојдневниот живот, познат, стабилен, реален простор и во тоа е поврзаноста со областа на чудесното. За разлика од Јадранка Владова, Луис Керол во неговото дело преку огледалото претставува еден свет на обратноста кој функционира според принципот на една шаховска игра. Интересното во романот „Гледалото зад огледалото“, што воедно го разликува овој роман од романот „Алиса од другата страна на огледалото“ од Луис Керол е поврзаноста на огледалото со друг предмет што во „Алиса...“ во светот на огледалото не постои. Во романот на Јадранка Владова тоа се чевличките кои се важен елемент и кои се потребни за преодот од реалниот свет во светот на огледалото. Огледалото и чевличките функционираат заедно и доколку еден од овие елементи недостасува влезот во светот на огледалото нема да може да се реализира. Во ова свое дело Јадранка Владова паралелно со реалните елементи вметнала и фантастични настани. Наспроти фантастичните елементи и хронотопот кој се наоѓа зад огледалото и од каде што “ѕирка” во иднината, Маја егзистира со сосема реално, секојдневно семејство, со реални професии, има другари, оди на училиште и сл. Покрај фантастичните и реални елементи во овој роман присутни се и сказновидни елементи што ни говори за една тенденција за мешање на жанровите во македонската литература во согласност со современите текови во европската и во светската литература за деца и млади.

Од погоре кажаното можеме да заклучиме дека Луис Керол и Јадранка Владова и покрај тоа што потекнуваат од различни континенти и творат во различно време пишуваат за една иста тема, за постоење на еден паралелен, фантастичен свет – светот на огледалото. Ова е тема карактеристична за фантастиката но внесена и инкорпорирана во еден реален контекст. Претставата за огледалото е во самата природа на фантастичната книжевност која тргнува од претпоставката дека фантастичното не е ништо друго освен реалното прекршено на магичните рамнини на огледалото или во растроената свест, во која работите се согледуваат на нивното двојно постоење. Па така и во делата на овие писатели можеби преку огледалото е претставена тајната, скриена желба на главните јунаци, претставена преку нивниот одраз во огледалото. Претставени се нивните желби, гледишта на светот, сликата за нивната иднина...

## 5. ЛИТЕРАТУРА


[1] В. Pekiħ, Fantastika i pseudo-fantastika „Zlatnog runa“, Srpska fantastika, SANU, Beograd, 1989.
[2] C. Todorov, Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd, 1987.
[3] R. Vučković, Oblici fantastične književnosti, Izraz, br. 7-8, Svjetlost, Sarajevo, 1986.
[4] Radovan Vučković, Oblici fantastične književnosti, Izraz, br. 7-8, Svjetlost, Sarajevo, 1986.
[5] Ј. Владова, Гледалото зад огледалото, Детска радост, Скопје, 1999.
[6] Л. Георгиевска Јаковлева, Фантастиката и македонскиот роман, Институт за македонска литература, Скопје, 2001.
[7] Л. Капушевска Дракулевска, Во лавиринтите на фантастиката, Магор, Скопје, 1998.
[8] Л. Керол, Алиса во светот на огледалото, Магор, Скопје, 2009.
[9] Р. Кајоа, Од бајките до научната фантастика, Разгледи, Скопје, бр.7, 1972.